**ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ПРАЗНИЦИ НА КРФ**



**Митологија на островот Крф**
Според легендата, островот Крф (грчки- Керкира ) го добил името по нимфата Керкири, ќерка на Акон – богот на реките. Во неа се заљубил Посејдон, богот на морето и земјотресот, кој ја украл од татко и, па ја донел на островот. Му го родила синот Фејакс, кој бил зачетник на нов народ, во митологијата познат како Фејачани. За Фејачаните, кои се сметаат за пра-жители на Крф, пишува и Хомер нарекувајќи ја нивната држава Шерија.
**Знаменитости**
Крф е град со мултикултурен дух чија што атмосфера наизменично ве носи назад во минатото и Ве враќа повторно во сегашноста. Неговата архитектура е успешен спој на разноликостите, кои истовремено го имаат шармот на Париз, Венеција и Лондон. За да го почувствувате шармот на овој град потребно е да се вратите векови назад и да го видите самиот начин на развој како град, така и како остров. Античкото минато на градот Крф сеуште не е доволно истражувано, па затоа се претпоставува дека на островот и во самиот град лежат уште многу докази за неговото богато минато. Доказните материјали и остатоци од античка Грција, денес се чуваат во Археолошкиот музеј и археолошки остатоци од палатата Мон Репо. Големиот број тесни улички со куќи од тоа време, се речиси непроменети до денес. Малите улички му даваат посебна отменост на стариот град. Некаде се толку тесни, што можете со раширени раце да ги допрете куќите од двете страни. Малите фонтани и плоштади, старите Млетачки куќи, во кои денес се сместени многубројни таверни, галерии и продавници на сувенири, бројни цркви со монументални фасади-се ова изградено од времето на Млет, а денес дава посебен шарм на стариот град. За време на млетачкото владеење изградени се и две тврдини (стара и нова), на кои и ден денес им се восхитуваме. Градот Крф изобилува со знаменитости од различни историски времиња, меѓу кои најпознати се: старата тврдина, новата тврдина, плоштадот Спијанада, Листон, палатата на Св. Михаил и Св. Ѓорѓија, зградата на општината и општинскиот плоштад, Јонската Академија, црквата Св. Спиридон, Канони, палатата Мон Репо и многу други знаменитости.

**Старата тврдина**
Прв градителски потфат на Млетските градители кои имале за цел да ја зацврстат и да ја прошират византиската тврдина Корифо, како подобро би се прпремиле за одбрана од Турците. Во 15. век тие доградуваат два ѕида, од внатрешниот и надворешниот дел од градбата кој имал за цел одбрана од напад од море. Од западната страна прокопан е канал, контрафоса, кој ја одвоил старата тврдина од предградието Ксополи, така да таа станала бастион на островот. Денес овој канал е еден од најмирните и најромантчните делови од градот, каде се закотвени малите рибарски чамци. Во внатрешноста на тврдината можат да се видат две кули, Кастел дел Тере и Кастел дел Маре, заедно со остатоци од топовниците, подземни тунели, затворски ќелии и црквата Св. Ѓорѓија изградена 1840 година. Таа претставува базилика со дорски столбови. Изградена е за време на британското владеење, а подоцна е преправена во православна црква. Овде, некогаш се наоѓала и зградата на Јонската Академија, која подоцна е преместена. На врвот на тврдината се наоѓа светилник, изграден 1822 година – прв кој е изграден во Грција. Старата тврдина е една од најважните монументални градби, бидејќи овде се воделе најдраматичните борби во историјата на островот и со самото тоа што стои на тоа место повеќе од 1000 години. Таа денес е инспирација за многубројни уметници и фотографи, а за време на летните месеци овде се организираат претстави и перформанси значајни за културниот живот на градот. Тврдината нуди фантастичен поглед на градот, главниот плоштад Спиандау, а од другата страна на островот Видо. Пред тврдината се наоѓа статуа на генералот Шулен-берг, направена 1715. додека уште бил жив, како благодарност за неговата пожртвуваност во борбата против Турците.

**Листон**
Го осмислил таткото на идниот проектант на Суецкиот канал, францускиот архитект Лесепс, а изградбата траела во период од 1807-1814. година. Листон е направен по пример на зграда во улицата Де Риволи во Париз. Денес, овде се сместени најпознатите градски кафеани, ресторани и галерии, секогаш полни со луѓе и живот.

**Палатата Св. Михаил и Св. Ѓорѓија**
Се простира долж северната страна на плоштадот Еспланада. Палатата му припаѓала на англискиот комесар Томас Меитленд, која што ја користел како своја резиденција. Овде било седиштето на јонскиот сенат и државната ризница, како и врховниот центар од следбениците на Св. Михаил и Ѓорѓија, по кои и го добила името. Оваа организација е основана во Англија 1818 година и имала за улога да ги наградува и да им помага на жителите на Малта и на јонските острови, кои допринесувале за просперитет на Велика Британија. По соединувањето 1864 година, палатата ја користела грчката кралска фамилија како летна резиденција. По втората светска војна, по препорака на министерството за образование зградата била претворена во мулти-функционална целина, каде што денес се наоѓаат: архивата на јонската академија, археолошката служба, градската библиотека (со околу 60 000 наслови), градската галерија и фасцинантната колекција на азијатските уметности.



**ПРОГРАМА на патување доколку сте корисник на автобуски превоз**
**Прв ден (28.04 -четврток)**
Состанок со групата на паркингот пред Хотелот Холидеј Инн. Поаѓање према Крф во 22:00 ч. преку граничниот премин Меџитлија. Ноќно возење со попатни паузи.

**Втор ден (29.04 - петок)**
Пристигнување на пристаништето Игуменица во утринските часови. Трансфер со ферибрhistóрод до островот. Сместување во апартмани – опремени со спална, кујна, купатило. Попладне посета на првата церемонија во градот Крф. Се собираме пред црквата Св.Ѓорѓија и Св.Михаил каде што се вадат епитафите проследени со оркестар и хорско пеење. Потоа следи оплакувањето на Христос кое што трае до вечерните часови. Враќање во апартманите. Вечерта организирана забава во дискотека со вклучен пијалок за Добредојде. Ноќевање.

**Трет ден (30.04 - сабота)**
Заминување со автобусот кон главниот град Крф каде што ќе се следи свеченоста по повод Велигден и фрлањето на ќуповите. Можете да погледнете тука како изгледа целата церемонија https://www.youtube.com/watch?v=GXj3OsS129E Точно во 9ч започнува и Првата поворка, наречено првото воскресение. Под строга заштита се изнесуваат моштите на Св. Спиридон - заштитник на островот (моштите му се изнесуваат само три пати годишно- на Велигден, на 11ти Август - датумот на кој Свети Спиридон го спасил островот од нападот на Турците, и на празникот на Свети Спиридон). Маршот почнува од горниот крај на Керкира, виејќи се по најубавите улици на целиот град. Под звуците на свечената музика на трите филхармонии пред моштите на Св. Спиридон, луѓето фрлаат каранфили со кои го постелаат патот на Светец. Парадата завршува во 10, 30ч и тогаш почнуваат подготовките за еден оригинален локален обичај-кршење на глинени садови. Точно во 11ч од прозорците почнуваат да летаат садови за вода, полни со вода, различни по големина, во знак на почнувањето на празникот и истерувањето на злото. Обичај е да земеш парче од скршени садови за вода, и да го зачуваш за среќа и здравје до следната година. Слободно време - 15:00 Враќање во апартманите. Заминување 19:30ч назад кон градот за Литургијата и вечерниот марш. Во 23: 30ч сите се собираат на плоштадот Спианада за да ја слушнат Литургијата. Од црквата Св. Параскева се изнесува осветлената свеќа, од која сите носат оган. Во полноќ Празникот се одбележува и со уникатно светлосно шоу. Во текот на 20 минути небото е огреано од голем огномет, кој се одразува во водите на Јонското Море, додека музиката на трите филхармонии се спои со свечените звуци на црковната песна-откривајќи го Воскресението Христово. 1ч - Враќање во апартманите.Вечерта по желба на патниците организирана посета на некој од локалните барови во Ипсос. Ноќевање.

**Четврти ден (01.05-недела)**
Ослободување на апартманите и заминување на факултативен разглед на островот: манастирот Св. Богородица во Палеокастрица, Св. Спиридон во Крф, старата архитектура, тврдините, фабриката за правење на слатко и традиционален ликер Ком Куат направен од мали јапонски портокали. Заминување на пристаниште и трансфер со траект до Игуменица. Ноќно возење со попатни паузи за освежување.

**Цена на арнажманот**: 85€

**ВО ЦЕНАТА Е ВКЛУЧЕНО:**

- Превоз со високотуристички автобус на наведената релација.
- Превоз со траект на релација Игуменица-Крф-Игуменица
- Сместување во приватни апартмани на база на две ноќевања во Ипсос
- Превозот е вклучен во понудата.
- Организиран разглед на градот
- Организација на аранжманот
- Придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Туристичка такса и осигурување 10€(задолжително)
- Факултативен излет-Посета на местото и плажата Палеокастрица,Фабриката Мавроматис за прозиводство на ликерот Кум Куат и манастирот Св.Богородица - 15€